# ЗАПИСНИК

*од Тринаесеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции*
*одржана на **18.03.2010 година**,*
*Уставна сала, Собрание на Република Македонија*

Седницата започна во 12.15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-ѓа Силвана Бонева, потпретседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата на Советот присуствуваа: г-ѓа Емануел Гиенеф раководител на Оддел за оперативни работи 2 во својство на претставник на Делегацијата на Европска унија во Република Македонија и г. Љупчо Димовски министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа: г. Петар Поп Арсов, г. Александар Спасеновски, г. Џеват Адеми, г. Тито Петковски, г. Андреј Жерновски и г. Александар Николовски, пратеници и членови на Националниот совет за евроинтеграции, г. Димитар Мирчев претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија и член на Советот, г-ѓа Љубица Нури од Стопанската комора на Македонија, г. Александар Кржаловски од Граѓанската платформа на Македонија, г. Скендер Бузаку секретар на муфтиството на Исламската верска заедница претставниците на Советот, г. Тони Павловски претставник од Министерството за надворешни работи, претставници од службата на Собранието на Република Македонија и медиумите.

На седницата на Советот присуствуваа и претставници од граѓански организации: г. Ѓоко Данилов претставник од Федерацијата на фармери во Македонија, г. Зоран Даневски претставник од Агробизнис комора, г. Ефтим Шаклев претставник од Асоцијацијата на земјоделци, г. Вељо Тантаров претставник од Сојузот на земјоделци и г-ѓа Габриела Мицева претставник од Центарот за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој.

За седницата беше предложен следниот:

**Дневен ред:**

*- Усвојување на записникот од*
*Единаесеттата седница*
*одржана на 25 декември 2010 година*

*- Усвојување на записникот од Дванаесеттатаседница*
*одржана на 29 јануари 2010 година*

**1. Повеќегодишна спогодба за финансирање 2007 - 2010 од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за Петатта компонента - рурален развој.**

**2. Усвојување на предлог заклучоците од јавната расправа по Предлогот на законот за здруженија и фондации, одржана на 23 февруари 2010 година.**

**3. Усвојување на предлог заклучоците од јавната расправа по Предлогот на законот за јавните службеници, одржана на 24 февруари 2010 година.**

Дневниот ред беше усвоен едногласно.

Записниците од Единаесетатта седница одржана на 25 декември 2010 година и од Дванаесетатта седница одржана на 29 јануари 2010 година, беа усвоени едногласно, без забелешки.

**ТОЧКА 1: Повеќегодишната спогодба за финансирање 2007 - 2010 од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за Петатта компонента - рурален развој.**

Воведно излагање по точката имаше г. Љупчо Димовски министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Министерот даде резиме на Повеќегодишната спогодба за финансирање 2007 - 2010 од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за Петатта компонента - рурален развој. Тој информираше дека спогодбата ќе се ревидира на годишна основа за да се земат предвид износите предвидени во мултииндикативниот плански документ, соодветно на измените и дополнувањата на секторската спогодба. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во изминатиот период има остварено интензивни комуникации со сите асоцијации и здруженија на земјоделци, со цел да се оствари широка и ефикасна информираност на земјоделците, за поволностите од користењето на средствата од 5-та Компонента на ИПА. Како резултат на кампањата, до 17 март 2010 година до Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој поднесени се 120 апликации. Владата на Република Македонија има донесено одлука со која ИПАРД Агенцијата и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се задолжени да извршат дополнителни консултации и средби со деловните банки, за потпишување на посебен меморандум за прифаќање на бизнис-плановите доставени од страна на апликантите до ИПАРД Агенцијата. Овој начин овозможува да се олесни процесот на добивање на кредити од деловните банки, а дополнително ќе се разговара и за олеснување, или намалување на каматите на средствата, кои ќе се користат за финансирање на трошоците за реализација на проектите. Се задолжува ИПАРД Агенцијата да воспостави непосредна соработка со Агенцијата за катастар, со цел на сите апликанти во електронска форма да им се доставаат имотните листови.

Во дискусијата со свои излагања учествуваа Емануел Гиенеф претставник на Делегацијата на Европска унија во Република Македонија, Ѓоко Данилов претставник од Федерацијата на фармери во Македонија, Ефтим Шаклев претставник од Асоцијацијата на земјоделци, Вељо Тантаров претставник од Сојуз на земјоделци, Зоран Даневски претставник од Агробизнис комора, Габриела Мицев претставник од Центарот за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој и Александар Кржаловски претставник на Граѓанската платформа.

Советот не расправаше по 2 и 3 точка од дневниот ред.

Седницата на Советот заврши во 13.25 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Тринаесеттата седница и списокот на присутни членови и претставници на Советот.

30-1173/4
04-05-2010

**ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Силвана Бонева**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Собрание на Република Македонија СКОПЈЕ

**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОРОТ ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Даниела Велковска**

Изработил : J.Трпкова
Контролирал : И. Коробар
Одобрил: Д. Велковска